АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
ФИЛИП МЕДАРСКИ
ул. Васил Главинов бр. 3/5-23
тел.2/6133645; 02/6133656; 02/6133646
Скопје
e-mail: filipmedarski@yahoo.com

**ДО:**
**УСТАВЕН СУД НА РМ**

Врз основа на чл. 110 алинеја 3 од Уставот на Р.Македонија и чл. 51 од Деловникот на Уставниот суд на Р.Македонија, поднесувам

БАРАЊЕ
за заштита на слободата и правото на јавно изразување на мисла

Од подносителите:

1.Здружението на новинари на Р.Македонија,

На ден 24.12.2012, поголема група новинари, меѓу кои и подносителите на ова барање беа присутни во галеријата на собраниската сала во Собранието на Р.Македонија, каде требаше да се одржи седницата на Собранието, на која седница требаше да биде одлучено за донесување на Законот за усвојување на буџетот на Р.Македонија за 2013 година.Притоа, настаните околу седницата за донесувањето на буџетот беа од исклучителен интерес за јавноста од причина што постоеше конфликт помеѓу пратениците од власта и опозицијата, а во врска со фактот дали е запазена процедурата за донесување на буџетот.Во еден момент поголема група луѓе од собраниското обезбедување пристапија во галеријата и почнаа истата да ја празнат од присутните новинари.Некои од новинарите реагираа на ваквиот начин на отстранување од галеријата на собраниската сала, од причина што кофликтната ситуација во собраниската сала во тие моменти ескалираше и јавноста имаше

интерес да биде непречено известувана за овие случувања.Оние новинари, меѓу кои и подносителите на ова барање, кои се спротивставија на отстранувањето од галеријата на собраниската сала беа присилно исфрлени со употреба на физичка сила.На нивните прашања околу тоа кој наредил нивно присилно отстранување и кој е основот и потребата за тоа, не добија никаков одговор.На тој начин, тие беа спречени да ја обават својата професионална должност и да известуваат за овој настан, за кој постоеше огромен легитимен интерес кај јавноста.

По настанот, на 26.12.2012 г., Здружението на новинарите на Македонија реагираше до Министерството за внатрешни работи, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди со писмена претставка со која се бараше да биде утврден идентитетот на лицата, кои ги исфрлиле новинарите од галеријата, како и идентитетот на лицата, кои издале наредба за тоа и сите да бидат соодветно санкционирани, а со оглед на фактот дека ваквото постапување е во спротивност со чл. 10 од Европската конвенција за човекови слободи и права, како и член 16 од Уставот, кои членови ја гарантираат слободата на изразување.Од страна на Министерството на внатрешни работи до ЗНМ беше доставен одговор, во кој беше наведено дека критичниот ден Претседателот на Собранието, заради закани по безбедноста, бил евакуиран од Собранието и врз основа на чл. 43 од Законот за Собрание на Р.М., одобрил полициските службеници задолжени за безбедноста во Собранието да воспостават ред во Собранието и да создадат услови за отпочнување на пленарна седница.По ова, на претставниците на медиумите им било укажано да ја напуштат собраниската сала до создавањето на услови за работа на Собранието и отпочнувањето на Седницата.Во претставката е наведена дека помал дел од присутните на галеријата се оглушиле на наредбите на полициските службеници и пружиле активен и пасивен отпор, при што еден од полициските службеници бил повреден во пределот на ногата.Финално, во одговорот се заклучува дека не може да се констатира прекумерна употреба на сила или пречекорување на овластувањата, напротив постапувањето на полициските службеници било во согласност со Законот за собрание, Законот за полиција, Кодексот на полициската етика и подзаконските акти.Во одговорот не е откриен идентитетот на лицата, кои ги исфрлиле новинарите.

Допис од страна на ЗНМ беше упатен и до Претседателот на Собранието на Р.М., со кој допис се бараше во рамки на неговите законски овластувања да биде расветлен инцидентот и да бидат санкционирани одговорните, како и да биде посочен правниот основ на одлуката, со која новинарите беа исфрлени од галеријата.Со писмен допис од 26.12.2012 до ЗНМ беше препратено соопштението од Претседателот на Собранието до медиумите.Во соопштението, помеѓу другото беше наведено дека врз основа на чл. 43 од Законот од собранието било побарано од собраниското обезбедување да обезбеди редовен тек на седницата.Притоа, со оглед да галеријата била дел од собраниската сала, собраниското обезбедување донело оценка дека галеријата морала да биде празна, за да не случи некој

поголем инцидент.**За оваа оценка, кога станува збор за присуството на новинарите, Претседателот на Собранието изразува жалење.Во дописот понатаму се наведува дека ќе се побара од надлежните институции да се утврди одговорност за настанот.**Конкретно, од која институција ќе се бара да утврди одговорност и каква одговорност ќе се бара да се утврди, во дописот не е наведено, ниту пак дополнително подносителите се известени за некаква постапка во која би се утврдувала одговорност пред државна институција.

Во врска со настанот, на 25.12.2012 г. и Премиерот има дадено изјава за медиумите, во која тој **„... изрази жалење за отстранувањето на новинарите од галеријата на Собранието на Р.Македонија, од каде ја следеа собраниската седница на која требаше да се дебатира за буџетот и истакна оти тоа не требало да се случи.**“Понатаму, тој потенцира **„...дека е донесена проценка, која според него, не требало да се донесе**“.Во изјавата тој упатува на Парламентот, со надеж дека ќе има дијалог помеѓу луѓето во Парламентот и новинарите.

Допис во врска со настанот, од страна на ЗНМ беше упатена претставка и до Народниот правобранител на Р.Македонија. Во претставката се бараше да тој, во рамки на неговите законски овластувања покрене постапка за случајот и утврди дека во случајот е прекршено правото на слобода на изразување и правото на инфромирање.Со Известување бр. 4338/12 од 28.01.2013 година, Народниот правобранител го информираше ЗНМ дека по добиени известување од МВР, и покрај искажаната загриженоста и важноста на слободата на информирање, тој утврдил дека нема надлежност да постапува во случајот.

Во конкретниот случај, со актот на насилното исфрлање на новинарите од галеријата на собраниската сала на 24.12.2012 г. е сторена повреда на слободата на изразување, гарантирана со член 16 од Уставот на Р.Македонија и чл. 10 од Европската конвенција за човекови права.Согласно чл. 16 ст. 1 од Уставот на Р.Македонија, се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, а со ст. 2 од истиот член од Уставот се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, **јавното информирање,** како и слободното основање на институции за јавно информирање.Во чл. 10 од Европската конвенција за човекови права е утврдено дека секој има право на слобода на изразување, при што ова право ја вклучува слободата на сопствено мислење и **примање и пренесување на информации и идеи,** без било какво мешање на јавната власт и без оглед на државните граници.Притоа, иако во чл. 16 од Уставот децидно не е опфатено правото на примање и пренесување на информации, видно од цитираната одредба од чл. 10 од Европската конвенција, истото претставува интегрален дел од слободата на изразување, а согласно чл. 118 од Уставот, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.Ваквото право на примање и пренесување на информации од чл 10 од Конвенцијата (како и правото на јавно

информирање од чл. 16 од Уставот) е токму правото на медиумите да непречено ја обавуваат својата дејност и да ја информираат јавноста.

Согласно чл. 51 од Деловникот на Уставниот суд на Р.Македонија, секој граѓанин кој смета дека со поединечен акт или дејствие му е повредено индивидуално право или слобода, утврдени со чл. 110 алинеја 3 од Уставот на Р.Македонија, може да бара заштита од Уставниот суд во рок од 2 месеци од денот на доставувањето на конечен и правосилен поединечен акт, односно од денот на превземањето на дејствието со кое е сторена повредата, но не подоцна 5 години од денот на неговото превземање.Слободата на изразување е едно од правата, кое согласно чл. 110 алинеја 3 од Уставот на Р.Македонија, уживаат индивидуална заштита во постапката пред Уставниот суд.

Тргнувајќи од цитираните членови од Уставот и Европската конвенција за човекови права, видно е дека медиумите уживаат заштита во рамки на гарантираната слобода на изразување (гарантираната слобода на јавно информирање од цитираниот член 16 од Уставот, како и правото на примање и пренесување информации од членот 10 од Европската конвенција).Во оваа насока, Европскиот суд за човекови права во Стразбур во многу пресуди ја нагласува оваа заштита на медиумите во рамки на членот 10 од Конвенцијата.**„Во судската пракса, на печатот му е доделена најшироката можна заштита, вклучувајќи ги тука и подготвителните дејствија пред објавувањето, како што се истражувањата и анализите кои ги прават новинарите“** (Пресуда Sunday Times v. Uk No. 2, 1991, параграф 51).; **“...улогата на медиумите како куче чувар во јавноста (public watchdog) е витална за демократскиот политички процес...“**(Пресуда Sunday Times vs. UK, No. 1, 1979, параграф 65); **“Ваквата функција на заштитник на демократијата на медиумите има посебна важност кога ќе се земе во корелација со правото на јавноста да добива и информации и идеи од јавен интерес, вклучувајќи ги и оние за спорните политички прашања“**(Пресуда Lingens vs. Austria, 1986);**“Таквата функција на печатот во негувањето на демократијата претпоставува посебна важност, која е во содејство со правото на јавноста да прима информации и идеи од јавно значење“**(Пресуда News Verlags GmbH & Co. KG v Austria, 2000-I, параграф 56).Во сите цитирани пресуди, Судот слободата на изразување на медиумите ја третира од аспект на членот 10 од Конвенцијата.

Притоа, не е спорно дека слободата на изразување како едно од основните човекови права не е апсолутно право и таа може да биде подвргната на ограничувања, неопходни во едно демократско општество, како што тоа е определено со ст. 2 од членот 10 од Конвенцијата.Меѓутоа, ваквите ограничувања, согласно ЕКЧП и судската пракса на Европскиот суд за човекови права (единствено надлежен за толкување на Конвенцијата) мора да ги исполнуваат следните услови: 1. да се пропишани со закон ;2. да се неопходни во едно демократско општество; 3. да имаат како цел заштита на точно определени вредности (пропишани во ст. 2 од чл 10 од Европската конвенција);.

Во конкретниот случај, интервенцијата на државата со исфрлањето на новинарите од собраниската сала и спречување да го следат текот на седницата, не го исполнува условот на пропишаност со закон и неопходност во едно демократско општество, а тоа од следните причини.

Правниот основ, на кој се повикуваат МВР во својот одговор на реакцијата од ЗНМ и Претседателот на Собранието во дописот  до медиумите, односно членот 43 од Законот за собрание на Р.Македонија, не ја легитимира интервенцијата на собраниското обезбедување со присилно отстранување на новинарите од собраниската сала.Имено, согласно чл. 43 од Законот за собранието:

(1) Одржувањето на редот во зградата на Собранието и во просториите во кои работи Собранието го обезбедува посебна служба. Лицата од посебната служба за одржување на редот во зградата на Собранието на истакнато место на облеката носи обележје на Собранието на Република Македонија.

(2) Овластените службени лица на органите на државната управа не можат без одобрение од претседателот на Собранието да имаат пристап во просториите од ставот (1) на овој член, ниту да преземаат мерки спрема пратениците, работниците во Службата и спрема други граѓани.

3) Носење оружје во зградата на Собранието не е дозволено, освен за лицата овластени за одржување на редот во зградата на Собранието.

(4) За одговорноста за нарушување на редот во Собранието од страна на пратениците и надворешни лица кои учествуваат во работата на Собранието одлучува и донесува мерки претседателот на Собранието по претходна консултација со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи.

(5) За одговорноста за нарушување на редот во Собранието од страна на вработените во стручната служба и надворешни лица поканети со нив, спроведува и изрекува соодветни мерки генералниот секретар на Собранието согласно со закон.

**Имајќи го во предвид интегрално цитираниот член 43 од Законот за собранието, видно е дека ниту една од одредбите не дава можност за интервенција на собраниското обезбедување како во конкретниот случај, односно со насилно исфрлање на новинарите од собраниската сала.**Доколку обезбедувањето ваквото овластување го црпи од генералното овластување од ставот 1 за „одржувањето на редот во

зградата на Собранието и во просториите во кои работи Собранието“, се работи во најмала рака за непрецизно формулирана норма, која не го задоволува тестот на предвидливост (или јасност), кој го бара Судот во Стразбур за една норма да претставува „закон“(Пресуда Sunday Times vs. UK, No. 1, 1979, параграф 47) и да пружа основа за ограничување на слободата на изразување.

Од друга страна, самата интервенција е спротивна на низа одредби од Деловникот на Собранието (член 2,225,227), како и на чл. 70 од Уставот на Р.М., а со кои се регулира јавноста на седниците на Собранието на Р.М.Имено, с**огласно чл. 70 од Уставот на Р.М.( и член 2 од Деловникот за Собранието), седниците на Собранието се јавни, а Собранието може да одлучи да работи без присуство на јавноста со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.**Интервенцијата на обезбедувањето со отстранување на новинарите од собраниската сала во суштина претставува исклучување на јавноста од седницата на Собранието, а видно од цитираниот член, тоа е можно исклучиво со донесување на одлука со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.Со членовите 225,227 (како и со останатите одредби од главата XIV од Деловникот) се регулира јавноста во работата на Собранието, како и правото на претставниците на средствата за јавно информирање, во согласност со прописите за внатрешниот ред на Собранието да присуствуваат на седниците на Собранието и на седниците на работните тела заради известување на јавноста.Значи, конкретната интервенција не може да се третира дека е предвидена со закон не само заради фактот дека не е донесена одлука за отстранување на јавноста со двотретинско мнозинство, туку и заради фактот што надвор од оваа, не постои ниедна друга правна можност за отстранувањето на новинарите од собраниската сала како во конкретниот случај.

Понатаму, интервенцијата на државата не го задоволува тестот на неопходност во едно демократско општество.Имено, за оценка дали интервенцијата е „неопходна во едно демократско општество“, Судот го има воспоставено барањето за пропорционалност, односно „**...согласно со воспоставената пракса на Судот, идејата на неопходност имплицира дека мешањето кореспондира со витална општествена потреба и, особено, дека е пропорционална со легитимната цел, која треба да се оствари.**“(Пресуда Olson v. Sweden, 1988, параграф 67).

Во конкретниот случај, мешањето или интервенцијата на државата се состои во насилно исфрлање на новинарите од собраниската сала, со што на истите им е оневозможено да ги следат настаните кои се одвиваат во неа (конфликтната ситуација, која резултира со присилно исфрлање на пратениците од опозицијата), како и текот на седницата на Собранието која уследи. Седницата, која новинарите се оневозможени да ја следат, се однесува на донесување на буџетот на Р.М. за 2013 г. и како таква е една од најважните седници на Собранието во текот на годината.Евидентен е јавниот интерес да присутните

новинари ја известуваат јавноста за овие настани.Значи, имајќи ја во предвид улогата на медиумите во информирањето на јавноста за овие исклучително битни настани, од една страна, и фактот дека истите се насилно отстранети од собраниската сала со цел да се обезбеди ред во собраниската сала, од друга страна, јасно е дека постои диспропорција помеѓу интервенцијата (или мешањето) на државата и легитимната цел, која со таа интервенција треба да се оствари.Овде е јасно дека ваквата интервенција не може да се третира како „неопходна во едно демократско општество“ во смисла на ЕКЧП.

**Исклучително битно е дека новинарите не придонесуваат за конфликтната ситуација на ниеден начин, односно „редот во зградата на Собранието и во просториите во кои работи Собранието“ во смисла на чл. 43 од Законот за собранието, не е на ниту еден начин нарушен од нивна страна.** Тие физички се наоѓаат во галеријата на собраниската сала и немаат непосреден допир со Претседателот на Собранието, ниту со пратениците, такашто не е јасно зошто се отстранети со цел да се воспостави редот, кога самите немаат никаков удел во неговото евентуално нарушување.Во контекст на ова, апсурдни се деловите од дописот на МВР, каде се појаснува дека меѓу другите причини, одлуката за отстранување на новинарите била донесена поради тоа што „во галеријата можело да се забележи присуство на пратеник кој учествувал во нарушувањето на редот во салата и други лица, кои можеле да ја попречат работата на пратениците“.Собраниското обезбедување можело, доколку тоа било потребно, да го отстрани овој пратеник и „другите лица“, без никаква пречка од страна на присутните новинари.Не може да се смета како легитимна причина за ваквата реакција на собраниското обезбедување ниту тоа што „од надвор пристигнувале информации за можна ескалација на протестите, како и насилно пробивање на полициските кордони, што дополнително ја усложнувало безбедносната ситуација во Собранието“.Како тоа што надвор се случувало може да се поврзе со конкретното насилно исфрлање на новинарите од самата собраниска сала?

**Предлагаме Уставниот суд за поднесеното барање, врз основа на чл. 55 од Деловникот на Уставниот суд, да одлучува на јавна расправа, на која ќе бидат повикани подносителите на барањето и нивниот полномошник.**

Поради сето горенаведено, предлагам Уставниот суд, по одржаната јавна расправа, врз основа на основа на чл. 110 алинеја 3 од Уставот на Р.Македонија и чл. 56 од Деловникот на Уставниот суд на Р.Македонија да утврди дека со дејствијата на присилно отстранување на подносителите од салата на Собранието на Р.Македонија на 24.12.2012 г. со што истите се спречени да ги следат и известуваат за настаните во салата, како и текот на предстојната собраниска седница, е повредена слободата на изразување, гарантирана со член 16 од Уставот на Р.Македонија и чл. 10 од Европската конвенција за човекови права.

Дата За подносителот-полномошник

Адвокат

Скопје

Прилог:

-Полномошна за застапување на подносителите

-Видео запис од настанот од 24.12.2012 г.

-Претставка до Министерство за внатрешни работи, Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди од 26.12.2012 година;

-Одговор на претставка од страна на Министерство за внатрешни работи Ев. бр. 13.1-2269/2 од 31.12.2012 година;

-Барање до Претседателот на Собранието на Република Македонија од 26.12.2012 година;

-Соопштение од Претседателот на Собранието на Република Македонија од 26.12.2012 година;

-Изјава од Премиерот на Република Македонија дадена за Сител на 25.12.2012 година;

-Барање до Народен правобранител на Република Македонија од 26.12.2012 година;

-Известување од Народен правобранител на Република Македонија НП бр. 4338/12 од 28.01.2013